**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ
# јануари – декември 2016

Скопје, 2017

**СОДРЖИНА:**


| | |
|---|---|
| **ЗАЕДНИЧКИ ПАТИШТА ДО ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ** | **3** |
| Мониторинг и застапување во областа на здравството и социјалната заштита | **4** |
| Родово одговорно буџетирање | **5** |
| Подобрување на транспарентноста и отчетноста на Владата и јавните институции | **8** |
| Интегрирање на социјалната отчетност и правното описменување и зајакнување | **11** |
| Јакнење на капацитетите на граѓанските организации за применување на методологијата за социјална отчетност | **15** |

| | |
|---|---|
| **ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И НА МАЖИТЕ** | **18** |
| Обезбедување на здравствени информации и помош на ранливите категории жени | **19** |

| | |
|---|---|
| **ОЦЕНА НА СТЕПЕНОТ НА ПРАВНА И СУДСКА ЗАШТИТА** | **20** |
| Правна заштита на жените жртви на насилство и дискриминација | **21** |
| Судска заштита за вознемирување и дискриминација на работно место | **23** |
| Заедничка рамка за правно описменување и зајакнување | **24** |

| | |
|---|---|
| **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2016 ГОДИНА** | **26** |

## ЗАЕДНИЧКИ ПАТИШТА ДО ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

**Општа цел:** Подобрување на пристапот до услугите за здравствена заштита за жените и Ромите преку примена на интегрирање на методологиите за социјална отчетност и правно описменување и зајакнување.

**Конкретни цели:**

- подобрување на здравјето на Ромите и нивниот пристап до здравствени услуги;
- подобрување на здравјето на жените и нивниот пристап до гинеколошки услуги;
- анализирање на влијанието на јавните политики од областа на здравјето и социјалната заштита врз состојбата на жените, односно анализа на буџетите од родова перспектива;
- подобрување на транспарентноста и одговорноста на државните институции, со посебен акцент на институциите од здравствената и социјалната заштита;
- зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за применување на методологиите за социјална одговорност.

## I. МОНИТОРИНГ И ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО И СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

И во текот на 2016 година, како и во претходните години, ЕСЕ продолжи со активностите за редовен мониторинг и анализа на програмите за превентивна здравствена заштита (Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програма за систематски прегледи на студенти и ученици, Програма за рана детекција на малигни заболувања со посебен фокус на компонентите за скрининг на карцином на грло на матката и карцином на дојка и Програма за лекување на ретки болести). Активностите за мониторинг беа проследени и со активности за застапување.

Постапката за мониторинг и анализа на програмската и буџетската имплементација на програмите за превентивна здравствена заштита, во текот на 2016 година се темели на следните клучни активности:

**Подготовка на анализа базирана врз наодите од спроведениот мониторинг врз програмската и буџетската имплементација на четирите програми што се предмет на работа на ЕСЕ за 2015 година**. Во текот на 2016 година, а врз основа на информации добиени преку постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер и податоци содржани во јавно достапни документи, ЕСЕ подготви анализа за имплементацијата на секоја од програмите од интерес, кои пак понатаму беа користени како основа за планирање и спроведување на процесот на застапување. Анализите и подготвените инфографици со кои се презентираат наодите од анализите се достапни на следните линкови:
– извештај за спроведување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања: www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2016/Извештај - карцином на грло на матка.pdf
– извештај за спроведување на Програмата за лекување на ретки болести: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2016/ESE%20retki%20bolesti%20monitoring%20092016.pdf;
– инфографик за презентирање на наодите од спроведениот мониторинг: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2016/ESE%20karcinom%20matka%20092016.pdf и http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2016/ESE%20retki%20bolesti%20%20092016.pdf.

Исто така, во текот на 2016 година ЕСЕ изработи и документ во кој даде ретроспектива на развојот на буџетот за здравство и средствата издвоени за здравствена заштита на Ромите за изминатите 10 години од аспект на клучните параметри за мерење на напредокот на државите во спроведување на човековите права (анализата е достапна на следниот линк: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2015/Alarm%2032.pdf ).

**Развивање на стратегии за застапување за секое прашање од интерес на ЕСЕ**. Во текот на 2016 година ЕСЕ, во партнерство со партнерските ромски организации, а врз основа на клучните наоди добиени преку спроведување на методологиите за социјална отчетност и буџетски мониторинг, подготви стратегии за унапредување на превентивната здравствена заштита во ромските заедници; унапредување на пристапот на жените и жените Ромки до мерките од Програмата за организиран скрининг на карцином на грло на матка и дојка и унапредување на пристапот до терапија на лицата

што живеат со ретки болести. Врз основа на развиените стратегии, ЕСЕ разви и кратки документи за застапување што ги содржат клучните наоди добиени преку постапката за мониторинг и анализа на програмската и буџетската имплементација на програмите за превентивна здравствена заштита (наведени во точка еден) и анализа на извршувањето на здравствениот буџет на РМ.

Во текот на 2016 година ЕСЕ организираше и спроведе неколку јавни настани, меѓу кои:

– јавна дебата и конференција за печат во однос на утврдените состојби за пристапот на жените до гинеколошка здравствена заштита и промоција на целите за застапување (повеќе информации за јавната дебата и за конференцијата за печат се достапни на следниот линк: http://www.esem.org.mk/index.php/shto-rabotime-sega/2075-porast-na-smrtnosta-od-rak-na-grlo-na-matka-pres-konferencija.html);

– јавна дебата и конференција за печат за промовирање на наодите од мониторингот во заедницата и мониторингот на буџетите во однос на прашањето на опфат на децата Роми со имунизација и превентивни здравствени услуги и пренесување на целите за застапување заради унапредување на состојбите (повеќе информации за јавната дебата и за конференцијата за печат се достапни на следниот линк: http://www.esem.org.mk/index.php/shto-rabotime-sega/2067-nacionalnite-politiki-za-unapreduvanje-na-zdravjeto-na-majkite-i-decata-ne-dopiraat-do-ranlivite-zaednici-i-romite.html); и

– јавна дебата и конференција за печат во однос на утврдените состојби во однос на пристапот до лекови и медицински помагала за лицата што живеат со ретки болести и промоција на целите за застапување (повеќе информации за јавната дебата и за конференцијата за печат се достапни на следниот линк: http://www.esem.org.mk/index.php/shto-rabotime-sega/2048-unapreduvanje-na-pristapot-do-zdravstvenite-uslugi-za-licata-koi-ziveat-so-retki-bolesti-vo-r-makedonija.html).

Покрај јавните дебати и конференциите за печат ЕСЕ организираше и спроведе низа состаноци со претставници на одговорните јавни институции, како и дополнителни активности за застапување. Како позначајни ги издвојуваме:

– Соопштение по повод 8-ми март – Меѓународниот ден на жената (http://www.esem.org.mk/index.php/shto-rabotime-sega/1839-soopstenie-po-povod-8-mi-mart-megjunarodniot-den-na-zenata.html); и

– Информација за медиумите по повод 4-ти февруари – Светскиот ден за борба против карцином (http://www.esem.org.mk/index.php/shto-rabotime-sega/1755-informacija-za-mediumi-po-povod-svetskiot-den-za-borba-protiv-karcinomot.html).

## II. РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

Анализата на влијанието на јавните политики врз состојбата на жените, односно анализата на буџетите од родова перспектива и во 2016 година ја применивме во однос на повеќе прашања што се предмет на интерес на ЕСЕ. Применувањето на родовото одговорно буџетирање го спроведовме со помош на меѓународната експертка Деби Будлендер. Во 2016 година ги спроведовме следните активности на ова поле:

**Унапредување на пристапот на жените до услугите за репродуктивно здравје.** Во 2015 година ЕСЕ преку работата на работната група составена од релевантни експерти

(специјалисти по гинекологија и специјалисти од областа на јавното здравје) подготви документ со препораки за унапредување на опфатот на жените со гинеколошка здравствена заштита; унапредување на опфатот со Програмата за скрининг за рак на грло на матка; и унапредување на пристапот на жените до останатите здравствени услуги поврзани со репродуктивното здравје на жените (препораките се достапни на следниот линк: http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2015/Preporaki%20Skrining%20kancer.pdf). Во 2016 година ЕСЕ се посвети на застапување заради усвојување на препораките и следење на спроведувањето на усвоените предлог-мерки од страна на надлежните институции. Со таа цел ЕСЕ ги достави предлог-мерките и препораките до надлежните институции и ја информираше јавноста за нив. За предлог-мерките јавноста беше информирана во два наврати во текот на првата половина на годината (преку соопштенија испратени до медиумите). Како резултат на нашите заложби, Министерството за здравство објави јавен оглас „За запишување кофинансирана приватна специјализација или супспецијализација за доктори на медицина кои имаат запишано приватна специјализација вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2016 година", и при тоа распиша кофинансирана приватна специјализација за доктори на медицина кои имаат запишано приватна специјализација од областа на гинекологија и акушерство за примарно ниво на здравствена заштита за 20 извршители во 11 општини. Имено, оваа мерка беше дел од предлог-мерките доставени од наша страна. По објавениот оглас, ЕСЕ испрати писмено барање со оваа мерка да бидат опфатени општините каде што нема ниту еден матичен гинеколог, а особено општината Шуто Оризари. За ова писмено барање ЕСЕ обезбеди поддршка од 12 граѓански организации. Преку понатамошниот мониторинг согледавме дека од страна на Министерството за здравство се одобрени само 6 (шест) кофинансирани специјализации по гинекологија и акушерство во две општини (Струмица и Ново Село) и градот Скопје. Спроведувањето на оваа мерка од страна на Министерството за здравство ќе продолжи да биде предмет на континуирано следење од страна на ЕСЕ.

**Анализа за неплатената нега за тешко болни лица во ромските семејства.** Во текот на 2015 година ЕСЕ подготви анализа (анализата е достапна на следниот линк: http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2016/Analiza%20nega%20vozrasni%20lica.pdf) со која го утврди времето што го посветуваат членовите на семејството за нега на тешко болните лица, како и финансиските трошоци поврзани со негата. Во 2016 година наодите беа промовирани на јавен настан на кој беа поканети претставници од надлежните институции, граѓанските организации и медиумите и при тоа беа дистрибуирани примероци од анализата. Согласно со првичните наоди, ЕСЕ подготви план за спроведување на анализа за неплатената нега за тешко болни лица во домаќинствата на национално ниво, која ќе биде спроведена во 2017 година.

**Мониторинг и анализа на имплементацијата на ОРИО (грант за инфраструктурен развој и унапредување на здравствената заштита на мајките и децата).** Во текот на 2016 година ЕСЕ продолжи да спроведува активности за мониторинг и анализа на имплементацијата на активностите и буџетот обезбедени преку грантот ОРИО, како и да работи на унапредување на нивото на транспарентност и отчетност на институциите во обезбедување на информации и податоци во однос на овој грант. Мониторингот беше фокусиран на имплементацијата на развојната фаза и нејзините резултати. Во текот на 2016 година ЕСЕ подготви и поднесе 48 барања за слободен пристап до информации од

јавен карактер до Министерството за здравство на РМ и 48 барања до Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија. Во текот на 2016 година ЕСЕ доби одговори во однос на поднесените барања до Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија, но не и од Министерството за здравство на РМ. Наодите од спроведениот мониторинг беа презентирани на јавниот настан организиран од ЕСЕ насловен како „Националните политики за унапредување на здравјето на мајките и децата не допираат до ранливите заедници и Ромите“ (повеќе информации се достапни на следниот линк: http://www.esem.org.mk/index.php/shto-rabotime-sega/2067-nacionalnite-politiki-za-unapreduvanje-na-zdravjeto-na-majkite-i-decata-ne-dopiraat-do-ranlivite-zaednici-i-romite.html).

**Мониторинг на финансирањето на стратегијата за семејно насилство.** Во 2016 година во однос на ова прашање активностите на ЕСЕ беа насочени кон подготовка на анализа на активностите планирани со програмата „Јакнење на националните капацитети за превенирање на семејно насилство“ од страна на Фондот на ОН за елиминирање на сите форми на насилство. Имено, оваа Програма како и Заедничката програма на ОН има за цел спроведување на активностите предвидени со Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008 – 2011 година. За оваа цел беа прибрани програмските документи што се однесуваат на поддршка на оваа Програма, односно предлог-проектот, консолидираниот извештај и заедничкиот финансиски извештај за спроведување на проектот „Јакнење на националните капацитети за превенирање на семејно насилство“ од страна на Фондот на ОН за елиминирање на сите форми на насилство. По прибирање на податоците беше подготвена нацрт-структурата за анализата и беа внесени и обработени прибраните податоци. Предмет на анализа е утврдување на поврзаноста меѓу активностите предвидени со овој Проект и активностите предвидени со Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008 – 2011 година, како и на поврзаноста на активностите предвидени со Заедничката програма на ОН, која исто така предвидува активности што треба да се компелементарни со Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008 – 2011 година. Целосната нацрт-анализа и наодите беа разгледувани заеднички со странски експерт. Имајќи ја предвид задничката цел кон која тежнеат двата проекти што беа предмет на наша анализа, а со цел да се добие целосна претстава за севкупните активности коишто организациите на ОН во РМ ги преземале во насока на спроведување на Националната стратегијата за заштита од семејно насилство, во 2016 година подготвивме нацрт-структура за спојување на наодите од двете одделени анализи.

**Утврдување на трошоците за правна заштита на жените жртви на семејно насилство.** Во 2016 година ЕСЕ ја финализираше анализата за пресметување на трошоците за правна заштита на жените жртви на семејно насилство. Предмет на анализа се трошоците за правна заштита на жртвите што се обратиле за помош и поддршка во Центарот за правна помош во 2013 година, како година со најголем број жртви. Целта на подготовка на оваа анализа е да се утврди потребниот износ на средства што државата треба да го издвои за да ја овозможи потребната правна заштита за жените жртви на семејно насилство. Наодите од оваа анализа беа разгледани заеднички со странски експерт. По финализирањето, наодите од оваа анализа беа искористени во процесот на подготовка на извештајот во сенка што ЕСЕ го подготви кон Меѓународната повелба за економски, социјални и културни парава. Имено, за 58-та сесија на Комитетот во јуни

2016 година ЕСЕ поднесе извештај во сенка во однос на спроведување на член 12 – право на здравје и член 3 – право на родова еднаквост. Извештајот во однос на двата члена ЕСЕ го подготви во соработка со 11 други граѓански организации. ЕСЕ на 58-мата сесија на Комитетот за економски, социјални и културни права при ОН во Женева укажа на повеќе проблеми во однос на имплементирање на правото на здравје на одредени ранливи групи и правото на родова еднаквост. Имено, беше укажано на недоволниот опфат со здравствени услуги од Пограмата за рана детекција на малигни заболувања за жената Ромка и недоволната покриеност со примарна гинеколошка здравствена заштита како резултат на недоволниот број матични гинеколози и нивната несоодветна географска дистрибуција. До Комитетот беше упатена препорака јавниот буџет за здравство во иднина да ги задоволи принципите на недискриминација и еднаков пристап во обезбедување на здравствените услуги на различните групи граѓани. Воедно, на членовите на Комитетот им беше предочена состојбата во однос на насилството врз жени. Имено, фокус беше ставен на несоодветниот степен на спроведување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, неапликативноста на Законот за бесплатна правна помош за жртвите на насилство, како и непостоењето на унифицирана база на податоци во однос на насилство врз жени.

**Буџетирање на корпусот на економски, социјални и културни права. Во текот на 2016 година** ЕСЕ во соработка со странска експертка разви индикатори за мерење на човековите права од буџетски аспект, односно мерење на влијанието на буџетот врз уживањето на човековите права. Врз основа на развиените индикатори ЕСЕ спроведе и објави една кратка анализа и извештај за користење на буџетските средства за унапредување на здравјето на Ромите и жените. Наодите од анализата и извештајот беа исто така искористени при подготовка на извештајот во сенка кон одредени меѓународни документи што ЕСЕ ги подготви и ги поднесе во текот на 2015 година, а пак ги презентираше во 2016 година. Комитетот за економски, социјални и културни права ги усвои речиси сите препораки на ЕСЕ во однос на начинот на кој РМ треба да го користи буџетот за задоволување на основните човекови права.

## III. ПОДОБРУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ВЛАДАТА И ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Во насока на подобрување на нивото на транспарентност и отчетност на Владата и државните институции, во 2016 година ЕСЕ ги спроведе следните активности:

**Спроведување на постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер, преку примена на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.** Во текот на 2016 година ЕСЕ подготви и поднесе вкупно 861 барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до 56 јавни институции. Поднесувањето на барањата е во насока на обезбедување на дополнителни информации и документи за програмско и буџетско работење на јавните институции за спроведување на четирите програми за превентивна здравствена заштита во 2015 година, како и информации за постапките за јавни набавки за периодот од 2011 до 2015 година. Во оние постапки каде што беше идентификувано прекршување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, ЕСЕ подготви и поднесе вкупно 65 жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

на РМ. Односно, иницираме 65 индивидуални постапки што се водеа против Министерството за здравство и здравствените домови во Берово, Гевгелија, Дебар, Пробиштип и Тетово.

**Оценка на реактивната и проактивната транспарентност на Владата и државните институции**. Заради унапредување на нивото на реактивна и проактивна транспарентност на Владата и јавните институции за обезбедување информации за програмското и буџетското работење, во текот на 2016 година спроведовме активности за нивна оценка. Нивото на реактивната транспарентност го оценувавме кај 54 јавни институции, додека пак проактивната транспарентност ја оценувавме кај 22 јавни институции (наодите од спроведените анализи се достапни на следниот линк: http://www.esem.org.mk/index.php/biblioteka.html.) Заради зголемување на бројот на организации што ќе ја применуваат оваа методологија, на 27 јануари 2016 година во Скопје спроведовме еднодневна обука наменета за граѓанските организации од Шуто Оризари и Делчево. Обуката имаше за цел да ги зајакне капацитетите на овие организации за примена на методологијата за оценка на нивото на реактивна и проактивна транспарентност на јавните институции на национално и на локално ниво. Покрај обуката, граѓанските организации подготвија план за имплементација на методологијата на локално ниво, за чија реализација во текот на 2016 година ЕСЕ обезбеди директна техничка поддршка на овие организации (повеќе информации се достапни на следниот линк: http://www.esem.org.mk/index.php/shto-rabotime-sega/1748-obuka-za-primena-na-metodologijata-za-ocenka-na-nivoto-na-reaktivna-i-proaktivna-transparentnost-na-javnite-institucii.html).

**Учество во процесот на Отворено владино партнерство на национално и на меѓународно ниво.** Во 2016 година ЕСЕ продолжи да учествува во работата на работните групи за фискална транспарентност и пристап до информации од јавен карактер, како и на спроведување на дел од активностите предвидени во Акцискиот план за Отворено владино партнерство (ОВП) за периодот од 2014 до 2016 година. Исто така, учествуваме и во подготовката на Акцискиот план за периодот од 2016 до 2018 година. Во овој план предвидени се следните мерки предложени од ЕСЕ: развивање и спроведување на медиумска кампања за промоција на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер; иницијатива за отворен буџет; отворени податоци за здравствени програми; објавување на податоци за склучени договори и добиена помош преку Програмата за инфраструктурен развој (ОРИО) на Кралството Холандија и зголемување на придобивките од трошење на буџетските средства за превентивна и куративна здравствена заштита за граѓаните (пилотирање за институционализација на социјалната ревизија). Оттука, во текот на 2016 година учествувавме во работата на две работни групи, односно работната група за следење на имплементацијата на мерките од компонента три – Слобода на информации и приоритет пет – Фискална транспарентност. Исто така, редовно доставувавме коментари во однос на подготовката на кварталните и на среднорочните извештаи за самопроценка на РМ за имплементација на активностите предвидени со овој план. Дополнително, во текот на 2016 година, како резултат на обврската што ја презема ЕСЕ со Акцискиот план, подготвивме и доставивме предлог-обрасци за подготовка на извештаи за програмска и буџетска имплементација на дваесетте превентивни и куративни програми на Министерството за здравство. Во однос на доставените предлози, ЕСЕ учествуваше на низа состаноци со координаторите на овие

програми заради разгледување на овие предлог-обрасци за извештаи. Покрај редовните активности, а заради оценка на нивото на имплементација на Акцискиот план за 2014 – 2016 година, во текот на 2016 година ЕСЕ подготви и објави извештај во сенка за спроведување на активностите од двата приоритети од интерес на ЕСЕ (слобода на информации и фискална транспарентност), со фокус на оние мерки каде како носители се јавуваат јавните институции (извештајот е достапен на следниот линк: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2016/ESE%20Izveshtaj%20OVP%20022016%20web.pdf). Во 2016 година ЕСЕ беше активно вклучена и во процесите коишто на ова поле се одвиваат и на меѓународно ниво. Имено, ЕСЕ учествуваше на работна средба за Отворено владино партнерство во организација на амбасадите на Соединетите Американски Држави во Романија, Македонија, Бугарија и Словачка (повеќе информации за ова се достапни на*:* http://www.esem.org.mk/index.php/shto-rabotime-sega/1932-regionalna-rabotna-sredba-za-otvoreno-vladino-partnerstvo-2016-godina,-bukurest,-romanija.html), како и на регионалната конференција „Пристап до информациите и отворени податоци", што се одржа во Сараево (повеќе информации на http://www.esem.org.mk/index.php/shto-rabotime-sega/2285-zaklucoci-od-regionalnata-konferencija-%E2%80%9Epristap-do-informaciite-i-otvoreni-podatoci%E2%80%9D.html).

**Спроведување на кампања за подигнување на јавната свесност за важноста од транспарентно и отчетно работење во фискалниот сектор и потребата од унапредување на нивото на транспарентност и отчетност на државните институции**. Во февруари 2016 година ЕСЕ започна со онлајн кампања наловена „Фискална транспарентност Македонија", чија основна цел е да ја подигне свесноста помеѓу пошироката јавност за важноста од фискалната транспарентност и потребата од зголемување на сегашното ниво на транспарентност на јавните институции. Кампањата се води преку социјалните мрежи и тоа Фејсбук, Твитер и Линкдин (Facebook, Twitter и LinkedIn). Во текот на 2016 година оваа кампања беше следена од повеќе од 8 140 лица, а пак пораките споделувани во текот на кампањата допреле до повеќе од 535 457 лица од РМ. Во текот на 2016 година беа објавени 264 информации и беа подготвени и објавени две едукативни видеа со следните наслови: „Како државните трошоци влијаат врз Вас?" и „Буџетски процес во РМ" (видеата можете да ги погледнете на следните линкови: https://www.youtube.com/watch?v=IvwwPrBsCL4 и https://www.youtube.com/watch?v=g18xuqykiYc).

**Утврдување на нивото на транспарентност на Владата и државните институции во спроведување на постапките за јавни набавки во областа на здравството и транспарентноста во трошењето на буџетски средства за спроведување на медиумски кампањи од областа на здравството**. Во 2016 година ЕСЕ спроведе постапка за мониторинг и анализа на трошоците за спроведување на јавни набавки и медиумски кампањи од областа на здравството и мерење на нивото на транспарентност во овие области. Мониторингот на постапките за јавни набавки во јавниот здравствен сектор на Република Македонија има за цел да даде приказ на вкупните трошоци коишто институциите од овој сектор ги имаат направено при набавка на стоки, услуги и работи; портфолио на трошоците направени преку постапки за јавни набавки; нивото на економичност при избор на понуди; како и нивото на транспарентност на институциите од овој сектор при спроведување на постапките за јавни набавки. Со постапката за мониторинг беа опфатени 7 003 поединечни постапки водени од јавните здравствени

институции во периодот од 2011 до 2015 година, односно опфатени се вкупно 62 институции (33 здравствени домови; 10 Центри за јавно здравје; 16 општи и клинички болници; една универзитетска клиника; Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје на РМ).

**Дополнителни активности за подобрување на нивото на транспарентност и отчетност на Владата и државните институции**. За да се овозможи полесен пристап до литература на македонски јазик од областа на буџетското работење, транспарентност и отеченост, ЕСЕ во 2016 година го преведе „Водичот за отворена Влада“ преку кој се опфатени повеќе теми (Водичот е достапен на следниот линк: http://www.fiskalnatransparentnost.org.mk/upload/pdf/publikacii/1/Vodic%20za%20otvorena%20vlada.pdf). Воедно, ЕСЕ и во текот на оваа година продолжи да работи на олеснување на комуникацијата помеѓу граѓаните и државните институции, промоција на фискалната транспарентност, обезбедување на информации за законската регулатива на национално ниво, обезбедување на буџетски податоци во отворен формат итн., преку редовно ажурирање на тематската интернет-страница www.fiskalnatransparentnost.org.mk. Страницата и материјалите што се поставени се прегледани и се користени од вкупно 2 368 лица. Во текот на 2016 година ЕСЕ започна и со онлајн кампања за своето севкупно работење и застапување за темите на коишто работи. Кампањата започна во јуни 2016 година и активно ја следат 2 907 лица. Во текот на 2016 година се објавени вкупно 144 објави кои допреле до повеќе од 200 000 лица.

## IV. ИНТЕГРИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ОТЧЕНОСТ И ПРАВНО ОПИСМЕНУВАЊЕ И ОСПОСОБУВАЊЕ

ЕСЕ од 2011 година ги спроведува концептите на социјална отчетност и правно описменување и зајакнување како две одделни интервенции. Во 2014 година ЕСЕ започна со процесот на спојување на овие концепти заради зајакнување на работата на ромските партнерски организации и остварување на поголем број придобивки за ромското население. Во 2016 година продолживме со спроведување на активностите за спојување на двата концепти.

**Влезна точка во спојувањето на концептите.** Појдовна точка при спојувањето на концептите е токму влезот во ромските домаќинства. За да се одреди структурата на домаќинствата и да се селектираат особено ранливите заедници од ромското население, беше спроведен процес на мапирање на заедницата од страна на ЕСЕ и трите партнерски ромски организации (ЦДРИМ, КХАМ и ИРИЗ) во четири општини (Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница). При влезот во домаќинството се пополнува прашалник од страна на сите членови на домаќинството за да се процени нивната здравствена состојба, пристапот до здравствените услуги, квалитетот на здравствените услуги и повредите на здравствените права. За таа цел во 2016 година персоналот на ЕСЕ го финализираше прашалникот во соработка со експертите од Универзитетот Џонс Хопкинс (Johns Hopkins) од Балтимор, САД. Заради негово тестирање и подобрување, спроведовме пилотирање во 40 домаќинства во општината Шуто Оризари. Исто така, за да се унапреди работата во однос на зајакнување и мобилизација на заедницата, како и да се овозможи поефективно спроведување на прашалникот, ЕСЕ и партнерските организации во 2016 година идентификуваа лица од заедницата – аниматори коишто ќе учествуваат во овие процеси,

а потекнуваат од претходно мапираните ромски заедници. По нивното идентификување, беа спроведени три обуки за јакнење на капацитетите на овие лица, во однос на начинот на работата, како и на специфичните теми на кои ЕСЕ и партнерските организации работат на полето на социјална отчетност и правно зајакнување. ЕСЕ подготви упатства за работа на аниматорите од ромската средина, како и за персоналот од ромските партнерски организации, во улога на фацилитатори. Овие упатства во форма на Водич беа доставени до аниматорите и фацилитаторите за да им овозможат соодветно и доследно спроведување на активностите од интегрираниот пристап. По спроведениот процес на јакнење на капацитетите партнерските ромски организации започнаа со спроведување на влезот во домаќинствата во втората половина на месец декември 2016 година и тој процес ќе продолжи во 2017 година.

**Мониторинг на заедницата.** Во 2016 година ЕСЕ продолжи со спроведување на активностите за мониторинг на заедницата и социјална ревизија за опфат на децата Роми со имунизација и превентивни здравствени услуги, како и опфат на жените Ромки со превентивни гинеколошки услуги во соработка со три партнерски ромски граѓански организации што работат во општините Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница. Во однос на унапредување на здравјето на мајките и децата од ромската заедница во 2016 година беше спроведено истражување во заедницата. Целта на истражувањето беше да се процени опфатот на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги предвидени во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите; да се процени квалитетот на здравствените услуги и да се утврдат бариерите во однос на пристапот до овие услуги. Со истражувањето беа опфатени родители на деца на возраст 0 – 15 години, како и здравствени работници од здравствените домови, преку спроведување на интервјуа на претходно подготвени прашалници. Наодите беа претставени во форма на Картичка за оценка од заедницата и потоа беа валидирани од страна на ромската заедница. Наодите претставуваа основа за подготовка на препораки за унапредување на опфатот на мајките и децата од ромската заедница со превентивна здравствена заштита и спроведување на активностите за застапување на локално и на национално ниво. На национално ниво наодите од истражувањето и препораките беа доставени до Министерот за здравство и до одговорните лица од ова Министерство. Воедно, тие беа презентирани пред јавноста на конференција за печат, како и на јавна расправа на Комисијата за здравство во Собранието на Р Македонија. Исто така беше спроведена петиција со барања за зголемување на опфатот на мајките и децата од ромската заедница со патронажни посети (особено за време на бременоста и во периодот по породувањето), здравствена едукација и вакцинација. Петицијата беше поддржана од страна на 17 граѓански организации и беше доставена до Министерството за здравство. Потребата од петицијата произлезе од наодите од истражувањето, кои покажаа дека ромските домаќинства или воопшто не се опфатени со превентивните активности или се опфатени во недоволен број.

Дополнително, ЕСЕ во соработка со партнерските ромски граѓански организации спроведе и активности за застапување во однос на унапредување на опфатот на жените Ромки со гинеколошка здравствена заштита и активности од Програмата за скрининг на рак на грло на матка. Застапувањето се базираше на наодите и препораките што беа подготвени врз основа на сознанијата прибрани преку истражувањето во заедницата

спроведено во 2015 година, како и преку сознанијата од теренската работа на партнерските ромски организации. И овие препораки и наоди беа доставени до Министерсвото за здравство и беа презентирани пред јавноста на конференција за печат. Воедно беше спроведена петиција на терен и во форма на електронска петиција во која беа содржани барањата за зголемен опфат на жените со гинеколошка здравствена заштита со посебен акцент на жените Ромки. И оваа петиција, поддржана од 17 граѓански организации, беше доставена до Министерството за здравство.

Во 2016 година ЕСЕ и партнерските организации продолжија со примена на методологијата на социјална ревизија за утврдување на опфатот на ромските семејства со посети од страна на патронажните сестри. За таа цел беа обезбедени копии од дневниците за посети на патронажните сестри. Социјалната ревизија укажа на несоодветен опфат на жените за време на бременоста и во периодот по породувањето со посети од страна на патронажните сестри. Исто така овој процес укажа и на недоследности во однос на прикажаниот однос на реалниот број посети остварени на терен со бројот на патронажните сестри. Овие наоди беа споделени на локално ниво со одговорните лица од здравствените домови во општините каде што работат партнерските ромски граѓански организации.

Во 2016 година учествувавме во процесот на подготовка на Националниот акционен план за здравје на Ромите, при што поставивме барања за предвидување на специфични мерки за зголемување на опфатот на мајките и децата од ромските заедници со вакцинација и превентивна здравствена заштита, како и мерки за зголемување на опфатот на жените Ромки со гинеколошка здравствена заштита на примарно ниво.

За да се координира севкупната работа и да се обезбеди навремена и соодветна поддршка на партнерските организации во текот на 2016 година беа одржани четири координативни состаноци и беа остварени четири посети од страна на персоналот на ЕСЕ на партнерските организации. Мониторингот на работата на партнерските организации се спроведуваше преку месечните извештаи подготвени од страна на партнерските организации и директните посети на настани организирани од нивна страна. Во втората половина на 2016 година ЕСЕ подготви нов образец за месечни и квартални извештаи за спроведување на интегрираниот концепт. Овие извештаи партнерските ромски организации ќе започнат да ги подготвуваат и да ги поднесуваат во 2017 година.

**Правно описменување и оспособување.** Во 2016, согласно со планираните активности со одобрените грантови од страна на Фондацијата отворено општество Македонија (ФООМ) во првата половина на годината, активностите се спроведуваа согласно со грантот 2015 – 2016 година, додека во втората половина на година се спроведуваа активностите предвидени со грантот 2016 – 2017 година. Практично во првата половина на 2016 година планираните активности се одвиваа на идентичен начин како и изминатите пет години, додека во втората половина на годината, дел од активностите за правно описменување и оспособување доживеа одредени измени – спојување со активностите за социјална отчетност. Па така, најголеми измени има во однос на активностите насочени кон информирање и запознавање на ромската заедница за нивните здравствени права и начинот на нивна заштита, како и во однос на тоа кој ги спроведува овие активности. Имено, започнувајќи од втората половина на 2016 година,

параправната помош и поддршка се обезбедуваат од страна на фацилитаторите (поранешните параправници и лицата што беа одговорни за спроведување на активностите за социјална отчетност). Во таа насока обуката за параправниците, односно фацилитаторите беше осмислена и реализирана како една посеопфатна обука за сите лица ангажирани за спроведување на интегрираниот пристап, вклучувајќи ги и аниматорите. Соодветно на измените во обуката, промени претрпе и содржината на Водичот за работа на фацилитаторите и аниматорите.

**Обука за параправниците.** Во 2016 година, како дел од активностите предвидени со грантот 2015 – 2016 година, се спроведоа две континуирани обуки. Првата континуирана обука беше посветена на правата од областа на социјалната помош и заштита и таа се одржа во февруари 2016 година. Во рамките на оваа обука беше презентирана работата на одделенијата за брак и семејство, одделението за старателство и одделението за пречки во развој, додека вториот дел од обуката беше посветен на социјалната парична помош, постојаната парична помош и другите видови парична помош што ги доделува МТСП преку центрите за социјална работа. Втората континуирана обука беше посветена на правата од областа на Законот за работни односи и правата од работен однос и таа се одржа во јуни 2016 година. Оваа обука беше посветена на неколку прашања и тоа: вовед во Законот за работни односи и колективните договори; склучување на договор за работа, права и обврски од работен однос и пријавување на работен однос; забрана за дискриминација при вработување и за време на работен однос; Закон за заштита од вознемирување на работното место и позначајни права од работен однос и механизми за нивна заштита. Во втората половина на 2016 година се спроведе обуката за аниматори и фацилитатори во која се содржи и делот посветен на обезбедување на параправна помош и поддршка (опишана подетално погоре).

**Работилници за справување со стрес.** Во јануари 2016 година се спроведе работилница за справување со стрес наменета за параправниците. Работилницата имаше за цел да се избегнат негативните последици од изложеност на стрес при решавањето на проблемите со кои секојдневно се справуваат параправниците.

**Ажурирање на Водичот и веб-страницата за човекови права во здравствената заштита (www.healthrights.mk).** Во 2016 година ЕСЕ продолжи редовно да ги ажурира Водичот и веб-страницата за човекови права во здравствената заштита, како инструменти за информирање и запознавање на различни групи професионалци и на јавноста за најновите случувања во областа на здравствената заштита, осигурувањето и заштита на правата на пациентите. Овие два инструменти исто така служат за редовно информирање на лицата кои обезбедуваат параправна помош и поддршка во рамки на ново воспоставениот интегриран пристап. Во текот на 2016 година се поставени 27 публикации и 62 измени на позитивните законски прописи релевантни за предметот на обезбедување на параправна помош и поддршка. Како дел од предвидените активности до ромските партнерски организации се доставени редовни месечни информатори за настанатите измени и дополненијата на законската регулатива релевантна за нивниот предмет на работа (во месеците во кои вакви измени и дополненија се направени). Инаку, споменатата веб-страница во текот на 2016 година е посетена од вкупно 6 540 различни посетители.

**Унапредување на начинот на работење на параправниците.** Постапувањето на параправниците во случаите во кои е побарана и обезбедена помош и поддршка се документира преку пополнување на повеќе формулари коишто во текот на изминатите години беа подготвени за таа намена. Со примена на новиот интегриран модел на работење е планирано приспособување на формуларите, односно воведување на еден интегриран формулар/досие за лицата што се обратиле за помош.

**Мониторинг и оценување на работата на параправниците.** Мониторингот и оценувањето на работата на параправниците има за цел обезбедување на квалитетна и ефикасна помош и поддршка. Согласно со веќе воспоставените правила, секој параправник има обврска да доставува месечен извештај. Во 2016 година оваа обврска ја исполниле сите параправници. Истовремено се доставени и сите редовни квартални извештаи од страна на координаторите што ги координираат овие активности во ромските партнерски организации. Во 2016 година беа спроведени редовни посети за увид во работењето и тоа во јануари, март и во септември 2016 година. Во првата половина на 2016 година работењето на параправниците беше предмет на оценување и од страна на надворешен евалуатор, ангажиран од страна на ФООМ.

**Консултативни состаноци за идентификување на стратешки случаи на прекршување на здравствените права и нивно застапување.** Во 2016 година ЕСЕ оствари седум индивидуални средби со адвокатот ангажиран да работи на двата стратешки случаи одбрани од работата на параправната програма во Делчево. За еден од предметите соодветно на потребите подготвена е жалба на решението на времена мерка. Исто така, склучен е договор за застапување за трет стратешки случај (повреда на право на пациент) со двајца правни застапници, односно за иницирање на тужба против клиничка болница во Штип. Соодветно на потребите во текот на 2016 година се спроведени повеќе писмени и усни комуникации со ангажираните правни застапници. За потребите на овој случај е склучен договор за спроведување и е спроведено невропсихијатриско вештачење. Со ова ЕСЕ ги исполни планираните активности за застапување на најмалку три стратешки случаи од областа на повреда и заштита на здравствените права.

## V. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПРИМЕНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ОТЧЕТНОСТ

Во 2016 година ЕСЕ ги спроведе следните активности за јакнење на капацитетите на граѓанските организации за применување на социјалната отчетност во своето работење:

**Менторство на граѓански организации од РМ.** Во текот на 2016 година ЕСЕ им обезбеди менторство за примена на методологиите на мониторинг и анализа на буџети и мониторинг во заедницата на две граѓански организации во Македонија. Имено, на ХЕМОЛОГ и ЦДРИМ им беше обезбедена директна помош и поддршка во развивање на материјали, како и спроведување на наведените методологии. Двете организации беа селектирани врз основа на јавен повик за искажување на интерес. Исто така ЕСЕ во текот на 2016 година ѝ обезбеди техничка помош и поддршка и на граѓанската организација ХОПС во спроведување на методологијата за мониторинг и анализа на буџети.
**Менторство на граѓански организации од Романија**. Во текот на 2016 година ЕСЕ организираше студиска посета за две граѓански организации од Романија – FDP од Клуж и

Ce-Re од Букурешт. Граѓанските организации од Романија се во фаза на подготовка за имплементација на методологијата на мониторинг во заедницата во ромските заедници во градовите каде што работат. Бидејќи за прв пат ќе ја спроведуваат методологијата на мониторинг на заедницата, беше организирана студиска посета со цел претставниците од граѓанските организации од Романија да се запознаат со теоретскиот концепт на методологијата, како и со практичните искуства од спроведувањето на оваа методологија од страна на ЕСЕ и партнерските ромски организации. Посетата беше спроведена во просториите на ЕСЕ, а теренската посета беше спроведена во Шуто Оризари, Делчево и с. Црник.

**Очекувани резултати:**

- подготвени се анализи за програмската и буџетската имплементација на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, Програмата за лекување на ретки болести и Буџетот за здравство од аспект на Член 2 од Повелбата за економски, културни и социјални права;
- подготвени се и имплементирани се три стратегии за застапување;
- започната е постапка за идентификување на можностите и потребите за проширување на полето на мониторинг и застапување за унапредување на здравјето и здравствената заштита на Ромите;
- анализирање на влијанието на јавните политики врз состојбата на жените преку анализа на буџетите од родова перспектива во однос на семејното насилство и правната заштита на жртвите на семејно насилство;
- спроведени се активности за застапување со цел унапредување на опфатот на жените со гинеколошка здравствена заштита на примарно ниво и спроведен мониторинг за имплементација на предложените мерки од страна на Министерството за здравство;
- промовирани се наодите од анализата и препораките за унапредување на состојбите во ромските домаќинства кои се грижат за лица што не можат самостојно да ги извршуваат основните животни потреби;
- спроведен е мониторинг на имплементација на програмата ОРИО спроведена од Министерството за здравство на РМ, проследен со активности за застапување;
- подготвени се и поднесени се 861 барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до 56 јавни институции и поднесени се 65 жалби против прекршено право за слободен пристап до информации од јавен карактер до КОМСПИ;
- оценето е нивото на проактивна транспарентност на 22 државни институции и нивото на реактивна транспарентност на 54 државни институции;
- прифатени се пет мерки, предложени од ЕСЕ, за унапредување на фискалната транспарентност, пристапот до информации и транспарентноста во меѓународната помош во Акцискиот план за ОВП за 2016 – 2018 година;
- спроведена е кампања за подигнување на јавната свесност за важноста од транспарентно и отчетно работење во фискалниот сектор и потребата од унапредување на нивото на транспарентност и отчетност на државните институции преку која се опфатени 535 457 лица;
- развиени се и промовирани се две едукативни видеа за влијанието на јавните расходи врз граѓаните и буџетскиот процес во РМ;
- спроведен е мониторинг и анализа на 7 003 поединечни постапки за јавни набавки спроведени од 62 јавно здравствени институции во период од 2011 до 2015 година;

- идентификуван е и е преведен еден водич на тема „Отворана влада“;
- олеснета е комуникацијата помеѓу јавните институции и граѓаните и обезбедени се информации за 2 368 лица преку тематската интернет-страница www.fiskalnatransparentnost.org.mk;
- зајакнати се капацитетите на партнерските ромски граѓански организации и аниматорите – лицата од заедницата за спроведување на интегрираниот пристап на социјална отчетност и правно описменување и зајакнување во ромските населби;
- финализиран е прашалникот за проценка на состојбите и потребите на ромските домаќинства во однос на здравствената состојба, социјалните детерминанти што влијаат врз здравјето, пристапот до здравствените услуги и нивниот квалитетот кој ќе се спроведува при влезот во домаќинствата како дел од активностите за спроведување на интегрираниот пристап;
- подготвен е Водич за работа за партнерските ромски организации и аниматорите за спроведување на интегрираниот пристап;
- проценета е состојбата во однос на опфатот на децата и мајките од ромските заедници со превентивни здравствени услуги од превентивните програми на Министерството за здравство и вакцинација преку спроведено истражување во заедницата;
- спроведени се активности за застапување на национално и на локално ниво со активно учество на ромската заедница;
- спроведена е социјална ревизија на работата на патронажните сестри во ромските заедници;
- зголемување на степенот на познавања и информираност на параправниците од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштитата на правата на пациенти преку одржување на континуирани обуки, работилници за стрес и континуирано обновување и дополнување на содржината на веб-страницата, www. healthrights.mk;
- приспособување на начинот на работење и постапување на параправниците согласно со потребите на ново воспоставениот интегриран пристап;
- давање на сугестии и забелешки во однос на работењето на параправниците преку разгледување и анализа на месечните и кварталните извештаи, како и директен увид во предметите преку спроведување на три одделни посети во секоја од партнерските организации;
- идентификување и застапување на три стратешки случаи на прекршување на здравствените права на Ромите;
- обезбедена е техничка помош и поддршка на три граѓански организации од Р Македонија и две граѓански организации од Романија за имплементација на методологиите за социјална отчетност.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И НА МАЖИТЕ

**Општа цел:** Обезбедување информации, помош и поддршка за ранливите категории на жени.

**Конкретни цели:**

- обезбедување информации и советување за жените во врска со гинеколошки здравствени проблеми, општи здравствени проблеми, здравствени проблеми поврзани со менопауза и остеопороза, анализа на крвта и обезбедување витамини, лекови и контрацепција.

## I. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗДРАВСТВЕНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОМОШ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЖЕНИ

**Здравствен информативен центар за жени.** Во 2004 беше отворен Здравствениот информативен центар за жени како дел од здружението со цел да се обезбедат бесплатни, квалитетни и веродостојни информации и советување за жените во врска со гинеколошки здравствени проблеми, менопауза и остеопороза. Со текот на годините беше проширен опсегот на работа на Центарот и притоа се нуди бесплатно тестирање за глукоза, холестерол и триглицериди во крвта и мерење на крвниот притисок. Мотото на центарот е „Зајакнувањето започнува со информирањето". Врз основа на нашата визија дека сите жени треба да имаат право на слободен избор во врска со своето здравје, репродукција и сексуалност – свет во кој жените ќе го остварат својот потенцијал и ќе практикуваат здрави животни навики, активностите на Центарот ќе ги опфаќаат потребите на жените низ целиот животен циклус (од адолесценција до менопауза). Активностите се спроведуваат преку континуирана работа на Здравствениот информативен центар за жени (информации и советување на жените за гинеколошки здравствени проблеми, општи здравствени проблеми, проблеми поврзани со менопаузата и остеопорозата и анализа на крвта) и организација на јавни настани еднаш во годината за подигнување на јавната свесност за конкретни потреби поврзани со здравјето на жените.

**Очекувани резултати:**

- обезбедени се здравствени информации и совети за 35 жени.

## ОЦЕНА НА СТЕПЕНОТ НА ПРАВНА И СУДСКА ЗАШТИТА

**Општа цел:** Унапредување на пристапот до правда.

**Конкретни цели:**

- проценување на степенот на судска заштита што им се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите за соодветно спроведување на важечките прописи и меѓународно пропишаните стандарди во оваа област (фокус на Конвенцијата CEDAW);
- идентификување на пречките и подготовка на препораките за унапредување, измени и дополнување на законската рамка за заштита;
- зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните механизми за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување;
- обезбедување бесплатна правна помош и судско застапување во предметите за семејно насилство и обезбедување психосоцијална помош, поддршка и третман за жените жртви на семејно насилство;
- проценување на степенот на судска заштита во предметите поврзани со дискриминација и вознемирување на работно место и
- создавање на предуслови за стандардизирање и одржливост на обезбедувањето на различни видови на бесплатна правна помош.

## I. ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА

Во рамките на Проектот на УСАИД за правна заштита на жените во 2016 година продолживме со спроведување на активностите насочени кон подобрување на степенот на правна заштита за жените жртви на насилство и дискриминација. Поточно беа преземени следните активности:

**Проценка на степенот на судска заштита што им се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите.** Како дел од предвидените активности за набљудување (мониторинг) на судски случаи, во текот на 2016 година продолжи процесот на собирање на податоци од основните судови во однос на постапките за насилство врз жените. Со процесот на судско набљудување беа опфатени основните судови во Скопје (Скопје 1, Скопје 2), Битола, Штип, Тетово, Велес, Прилеп, Струмица, Куманово, Струга и Гостивар. Во периодот од март 2015 година до октомври 2016 година беа набљудувани вкупно 201 судски предмет, односно 514 судски рочишта, при што најголемиот дел од нив се кривични постапки поврзани со семејното насилство. ЕСЕ подготви кратка анализа на податоците од судското набљудување за периодот од март 2015 до октомври 2016 година (18 месеци), при што главните наоди од анализата беа презентирани на форумот за судии во форма на „листа со факти“.

На 2 ноември 2016 година беше организиран форум за судии со цел да се дискутира за наодите од анализата. За оваа цел ЕСЕ го презентираше краткиот преглед од судското набљудување (листа со факти) пред присутните судии како основа за дискутирање на наодите и подготовка на препораки за унапредување на судската заштита за жените жртви на насилство (прегледот на набљудувани судски постапки е достапен на следниот линк: http://www.esem.org.mk/index.php/najnovi-publikacii/2410-pregled-na-nabljuduvani-sudski-postapki-za-nasilstvo-vrz-zeni-%E2%80%93-mart-2015-%E2%80%93-oktomvri-2016.html). На форумот судиите утврдија 11 главни препораки за унапредување на правната заштита за жените жртви на насилство, при што беше договорено дел од судиите во периодот кој доаѓа да ги подготват нацрт-измените и дополнувањата на законската рамка што треба да бидат поднесени до релевантните министерства. Беше договорено по подготовката на финалната анализа во текот на 2017 година да се организира поширок форум на кој ќе присуствуваат претставници од надлежните институции, како што се Центрите за социјална работа, ОЈО, полицијата и Министерството за правда.

Кон крајот на 2016 година започна подготовката на водичите за жените жртви на насилство, со цел жртвите на семејно насилство, трговија со луѓе и сексуалните работнички соодветно да се информираат за судските постапки за нивна заштита. Покрај наодите од анализата од судското постапување, за подготовка на водичите беа спроведени 20 интервјуа со жени жртви на насилство.

**Подобрување на националната правна рамка за заштита на жените жртви на насилство.** Во 2016 беше подготвена нацрт-анализа за националната правна рамка за заштита на жените жртви на насилство и дискриминација врз основа на спроведена анализа на содржината на релевантните политики и закони; интервјуа со претставници од надлежните министерства и институции и консултации со жените жртви на

насилство. Во консултации со судиите од основните судови е утврдена потребата за дополнување на анализата со коментари во однос на применетата казнена политика и начинот на одмерување на казни во кривичните постапките поврзани со насилство врз жените. Анализата ќе се финализира на почетокот на 2017 година.

**Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните инструменти за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување.** Во текот на 2016 година покрај континуираното обезбедување на директни услуги за жртвите (правна и психолошка помош), се организираше обука за јакнење на капацитетите на граѓанските организации во однос на стратешкото застапување и последователна работилница за работа на практични случаи на насилство и дискриминација. Имено, во периодот од 21 до 23 јуни 2016 година во Гевгелија, ЕСЕ организираше обука за граѓански организации на тема „Примена на меѓународните и регионалните механизми за заштита на женските човекови права со фокус на насилство врз жените". Обуката ја одржаа претставници на IWRAW Asia Pacific од Малезија, Ayesha Sen Choudhury и Wathshlah Naidu, како и адвокатот Јаким Наумов. На обуката присуствуваа претставници на десеттина граѓански организации што работат на полето на обезбедување на правна помош за жените жртви на насилство. На присутните во детали им беа презентирани механизмите за заштита на женските човекови права на меѓународно и на регионално ниво, односно Комитетот за елиминирање на дискриминацијата врз жените при ОН и Европскиот суд за човекови права. Посебна сесија беше посветена на разгледување на случаите на дискриминација и насилство врз жените што ги застапуваат граѓанските организации, како и на подготовка на план за активности кои во иднина треба да бидат преземени во нивни рамки. Претставниците на граѓанските организации (ХЕРА, Хелсиншки комитет, ЕХО – Штип, ОЖ Скопје, ФАЖМ – Тетово, Македонско здружение на млади правници, Коалиција „Сите за правично судење", Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници, Национален совет за родова рамноправност – СОЖМ, Опција Охрид и Отворена Порта Ластрада) кои присуствуваа на средбата беа информирани дека во периодот кој доаѓа ќе бидат организирани работилници за стратешко застапување, при што на нив ќе се продолжи со идентификување и подготовка на случаи за застапување. На 24.11.2016 година во Скопје, ЕСЕ организираше работилница за стратешко застапување на која присуствуваа претставниците на 10 граѓански организации. Основна цел на работилницата беше да се разгледаат веќе утврдените случаи на прекршување на женските човекови права и можностите за понатамошно правно застапување.

И во текот на 2016 година продолживме со обезбедување на правна помош, подготовка на правни поднесоци (жалби, тужби, претставки, поднесоци, ургенции и др.), упатување на клиентите до соодветни надлежни институции за остварување на нивните права, како и обезбедување на бесплатно судско застапување на одреден број жени жртви на семејно насилство. Оваа година во Центарот за правна помош се обратиле 200 лица (120 за прв пат и 80 редовни клиенти), кои реализирале вкупно 350 индивидуални средби со членовите на стручниот тим. Најголем број од клиентите биле заинтересирани за иницирање на постапка за развод на брак (63), по што следат клиентите што биле заинтерсирани за постапка за издршка (54) и иницирање на постапка за определување на старателство (51). Најмал интерес имало за регулирање на имотни односи (32) и иницирање кривична постапка (10). Од вкупниот број лица што се обратиле во Центарот

за правна помош, најголем број изјавиле дека се жртви на психичко и физичко насилство, додека мал е бројот на оние што изјавиле дека се жртви на сексуално насилство. Во 2016 година бесплатно се застапувани четири предмети на жртви на семејно насилство. За два од предметите се води судска постапка за развод на брак, старателство и издршка, за третиот се води постапка за утврдување на татковство и издршка, а за четвртиот постапка за оспорување на договор за дар. Сите судски постапки се во тек. Во 2016 година во психолошкото советувалиште се обратиле 40 лица (33 жени и 7 мажи) за кои се одржани вкупно 83 индивидуални средби со психолог. Најголем број од лицата побарале помош во врска со семејното насилство. Кај најголем број од лицата регистрирано е психичко насилство, а кај помал број физичко, економско и сексуално насилство. Психологот реализирал 41 советување; 39 тераписки интервенции и две тераписки седници.

**II. СУДСКА ЗАШТИТА ЗА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ДИСКРИМИНАЦИЈА НА РАБОТНО МЕСТО**

Во периодот мај – декември 2016 година ЕСЕ спроведе активности заради добивање на првичен преглед и увид во судските случаи за повреди на работнички права, дискриминација и вознемирување на работно место за период 2014 – 2016 година. Заради добивање општи податоци за прекршување на работничките права воопшто и заради добивање специфични податоци во однос на завршените судски предмети за дискриминација и вознемирување на работното место, беа користени две методолошки постапки и тоа: прибирање на податоци од судовите врз основа на подготовен општ прашалник и прибирање на податоци врз основа на спроведен увид во завршени судски постапки што се однесуваат на дискриминација и вознемирување на работното место. Подготовката и развивањето на општиот прашалник и прашалниците за мониторирање/увид во судски предмети за дискриминација и вознемирување на работното место беа спроведени од страна на проектниот тим во кој се вклучија и претставници на синдикални организации, адвокати и судии што работат на работни спорови. Подготвениот општ прашалник беше доставен до пет основни суда (Основен суд Скопје 2 – Скопје, Основен суд – Штип, Основен суд – Радовиш, Основен суд – Тетово и Основен суд – Гостивар). Побараните податоците се однесуваа на следните параметри: вкупен број на поднесени тужби за повреда на права од работен однос поделени според пол; според тужена странка; според подносител; и според карактерот на работниот спор (статусен / во врска со парични надоместоци). Воедно, за да се утврди бројот на работни спорови поврзани со дискриминација и повреда на работнички права по основ на бременост, мајчинство и родителство беа побарани податоци и за тужбите поднесени по овие основи. Втората методолошка постапка, односно увидот во завршени судски предмети, беше спроведена од страна на дел од проектниот тим во Основниот суд Скопје 2 – Скопје за периодот 2014 – 2016 година. Вкупно беа анализирани 17 судски предмети од кои 11 се предмети за вознемирување на работното место и 6 се предмети за дискриминација во областа на работните односи. Останатите 33 предмети за дискриминација и вознемирување на работното место, иако евидентирани за периодот 2014 – 2016 година, не беа достапни за увид во наведениот суд поради жалбената постапка што се одвиваше пред Апелациониот суд – Скопје. Добиените наоди беа разгледувани на поширок форум организиран со претставници на синдикални организации, здруженија на граѓани, адвокати и судии кои работат на работни спорови. Од особено значење е и идентификувањето на конкретни препораки за унапредување на

судското постапување во предметите од ваков вид, како и препораки во однос на потребните измени и дополнувања на националната законска рамка за заштита на правата од работен однос. Сумарните наоди и идентификуваните препораки беа инкорпорирани во финалната анализа која ќе се печати во 300 примероци на македонски јазик.

## III. ЗАЕДНИЧКА РАМКА ЗА ПРАВНО ОПИСМЕНУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ

Активностите предвидени под оваа програмска определба на ЕСЕ имаат за цел создавање на потребните претпоставки за одржливост и институционализирање на различните видови на бесплатна правна помош во државата. Како резултат на планираното во 2016 година беше реализирана една средба со повеќе граѓански организации кои обезбедуваат различни видови на бесплатна правна помош, односно претходна правна помош, правна помош и параправна помош. Оваа иницијална средба имаше за цел да ги престави активностите предвидени со заедничката рамка, како и планираните активности за 2016 година. Таа претставуваше вовед во натамошно вклучување и активно учество на организациите што имаат една заедничка цел – обезбедување на бесплатна правна помош на различни видови ранливи групи на граѓани. Во 2016 година ЕСЕ, во соработка со повеќе надворешни соработници, подготви пет нови тематски содржини на Прирачникот за едукација на параправниците и беше ревидирана содржината во однос на прашањата од областа на правото на здравје. Односно, беа развиени содржини во однос на следните прашања: работни односи; Кривичен законик и кривична постапка; семејство и семејно право; основи на судски систем и постапување на полицијата; семејно насилство и здравствена заштита, здравствено осигурување и правата на пациентите (оваа тематска содржини беше ревидирана). Исто така, подготвивме и анализа на трошоците и придобивките од обезбедувањето на различните видови на бесплатна правна помош. За потребите на анализата, во соработка со Деби Будлендер, странски експерт, подготвивме инструменти за прибирање на податоци за видот и обемот на помошта што ја нудат граѓанските организации; подготвивме инструменти за прибирање на информации за платите и оперативните трошоци на организациите, како и на трошоците поврзани со трите најчести случаи со кои тие се среќаваат; ги прибравме информациите и по двата основи и подготвивме нацрт-извештај. Овој извештај беше предмет на разгледување за време на заедничката работна средба остварена во ноември 2016 година со странскиот експерт. Како резултат на спроведените активности во 2016 година ЕСЕ подготви и план за активностите што треба да се преземат во 2017 година. Ова особено се однесува на активностите поврзани со образовната програмата наменета за параправниците и анализата на трошоците и придобивките од обезбедувањето на различните видови на бесплатна правна помош. Наодите од анализата беа презентирани на втората средба на граѓанските организации што обезбедуваат различни видови на бесплатна правна помош одржана во декември во организација на ФООМ.

**Очекувани резултати:**

- спроведен е судски мониторинг на 201 тековен судски предмет, односно на 514 судски рочишта;
- подготвена е кратка анализа од процесот на судско набљудување, со препораки за подобрување на судските постапки;

- подготвена е анализа на законската рамка за заштита на жените жртви на насилство, со препораки за унапредување на постојната законска рамка согласно со конкретните потреби за секоја ранлива група;
- организиран е форум за судии со цел да се дискутира за наодите од законската анализа и судскиот мониторинг;
- зајакнат е капацитетот на 20 претставници на граѓанските организации во однос на меѓународните и регионалните механизми за заштита на женски човекови права;
- подготвена е анализа за степенот на судска заштита во предметите поврзани со дискриминација и вознемирување на работното место;
- обезбедена е бесплатна правна помош и совети на околу 200 лица – жртви на насилство и дискриминација;
- обезбедена е психосоцијална поддршка за 30 лица – жртви на семејно насилство;
- организирана е иницијална средба на граѓанските организации што обезбедуваат различни видови на бесплатна правна помош;
- подготвени се пет нови тематски содржини и една тематска целина е ревидирана за потребите на едукација на параправниците и
- подготвена е нацрт-анализата на трошоците и придобивките од обезбедување на различните видови на бесплатна правна помош и утврдени се следните чекори за нејзино финализирање во 2017 година.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ
# ЗА ПЕРИОДОТ
# ЈАНУАРИ 2016 – ДЕКЕМВРИ 2016

**Биланс на состојба за 2016 година**

| **ВКУПНО АКТИВА** | **10,818,628** |
|---|---|
| | |
| **Постојани средства** | **5,045,057** |
| Нематеријални вложувања | 0 |
| Материјални вложувања | 5,045,057 |
| | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни конта** | **5,773,571** |
| Вкупно тековни средства | 5,773,571 |
| Активни временски разграничувања | 0 |
| | |
| **Материјали, резервни делови, ситен инвентар, производство, производи и стоки** | 0 |
| **Непокриени расходи** | 0 |
| **Средства на резерви** | 0 |
| **Средства за други намени** | 0 |

| **ВКУПНО ПАСИВА** | **10,818,628** |
|---|---|
| | |
| Извори на средства | 5,045,057 |
| Ревалоризациона резерва | 0 |
| Долгорочни обврски | 0 |
| Краткорочни обврски и пасивни пресметковни сметки | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 5,773,571 |
| Резервен фонд | 0 |
| Нераспределен дел од вишокот на приходите - добивката | 0 |
| Извори на средства за други намени | 0 |

**Преглед на приходи и расходи за 2016 година**

| | |
|---|---|
| Приходи | 23,625,338 |
| Пренесен вишок на приходи од претходна година | 3,642,056 |
| Расходи | (21,493,823) |
| Непотрошени средства во тековната година | 5,773,571 |

| **Приходи по основи и донатори** | **износ во МКД** |
|---|---|
| **1. Пренесен вишок од претходна година** | **3,642,056** |
| **2. Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **15,327** |
| **3. Приходи од членарина, подароци и донации** | **23,610,011** |
| - ФООМ за проектите: Joint Avenues и Заедничка рамка за правно описменување и зајакнување | 14,519,520 |
| - УСАИД за проект: Правна заштита на жените | 6,730,616 |
| - ЦНВ за проект: Правна заштита на работничките права | 797,550 |
| - Останати приходи | 1,562,325 |
| **Вкупно** | **27,267,394** |

| **Расходи по донатори** | **износ во МКД** |
|---|---|
| - ФООМ за проект: Joint Avenues, Грант бр. 9950, 9951, 9952, 9953 и 10061-10062. | 9,396,046 |
| - УСАИД за проект: Правна заштита на жените | 6,786,954 |
| - ФООМ за проект: Заедничка рамка за правно описменување и зајакнување, Договор бр. 03-2541/1 | 2,427,496 |
| - ЦНВ за проект: Правна заштита на работничките права | 957,552 |
| - Останати расходи | 1,925,775 |
| **Вкупно** | **21,493,823** |